EDUKATOR

THE EDUCATOR PROJECT A PILLAR OF SOCIAL INCLUSION IN ADULT EDUCATION



# СЦЕНАРИО ЗА РАБОТИЛНИЦА

## ИНОВАТИВНИ ПРИСТАПИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И РАБОТА СО ВОЗРАСНИ ЛИЦА ОД РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ

Ко-финансирано од Европска Унија

DIALOG of Transformation

Certified Service EDU SMART Training Centre UKPRN 10066595

FERI

IMPULSI EST 2000

001

## ВРЕМЕТРАЊЕ:

вкупно 8 училишни часа, поделени во 6 модули

## УЧЕСНИЦИ:

Едукатори кои работат со возрасни лица од ранливите групи

## ОПИС НА ОБУКАТА:

Обуката насловена како "Иновативни пристапи во образованието и работа со возрасни лица од ранливите групи" има за цел да ги подобри вештините на едукаторите кои работат со возрасни лица во предизвикувачки околности. Програмата се состои од 6 модули, кои покриваат теми како: вовед, иновативните пристапи за образование на возрасните лица од ранливи категории, креирање на образовна програма, имплементација на иновативните методи и техники во работата со возрасни, мотивирање и активно вклучување на учесниците во обуката, како и разговори за разликите и социјалното вклучување. По завршувањето на обуката, учесниците ќе ги подобрат своите вештини во креирањето и имплементацијата на образовните програми, ќе знаат како да ги имплементираат иновативните методи и техники, успешно ќе ги мотивираат учесниците, ќе креираат тимови и ќе ја подобрат социјалната вклученост.



## ЦЕЛ НА ОБУКАТА:

Целта на оваа обука е да ги запознае учесниците со иновативните пристапи на образование и настава, и да ја подобри работата со возрасни лица кои припаѓаат на ранливата категорија на луѓе. Учесниците ќе се здобијат со знаење и вештини поврзани со образовните програми и апликација на иновативните методи и техники во работата со возрасни. Понатаму, учесниците ќе научат нешто повеќе за мотивационите алатки и начини за активирање на членовите во групата, кои ќе им помогнат да го зголемат степенот на ангажираност на членовите од групата и да ја подобрат групната динамика.

Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

## РЕЗУЛТАТИ ОД ОБУКАТА:

По завршувањето на обуката, учесниците ќе бидат во можност да:

- имплементираат иновативни пристапи во образованието на возрасни од ранливите категории,
- креираат образовни програми за возрасните од ранливите категории,
- воведат иновативни методи и техники во работата со возрасни од ранливите категории,
- користат мотивациски алатки и вежби во работата со возрасни,
- воведат техники за активирање и подигнување на работната динамика на групата,
- креираат тим, да ги разберат разликите, и да го подобрат социјалното вклучување.

## ПРОГРАМА НА ОБУКАТА:

**Модул 1: Вовед во иновативните пристапи во образованието на возрасни лица од ранливите групи (времетраење 45 минути)**

- Разгледување на концептите и принципите на иновативните пристапи во образованието на возрасните лица
- Вовед во специфичноста на работата со возрасни луѓе од ранливите категории
- Разговор за придобивките и предностите од иновативните пристапи во образованието на возрасни лица од ранливите категории
- Истражување на индивидуалните стилови на учење и користење на иновативни алатки
- Поттикнување на креативноста и иновативноста, како во работата, така и во приватниот живот

**Модул 2: Креирање на образовни програми за возрасни лица од ранливите категории (времетраење 45 минути)**

- Вовед во процесот на креирање на образовни програми
- Разговор за алатките и техниките на креирање на образовни програми за возрасни лица од ранливите категории
- Примери на образовни програми креирани врз база на иновативните пристапи



Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

**Модул 3: Имплементација на иновативните методи и техники во работата со возрасни лица од ранливите категории (времетраење 90 минути)**

- Разговор за придобивките и предностите од иновативните методи и техники
- Вовед во специфичните методи и техники, неконвенционални методи на учење, учење базирано врз проекти, гејмификација, итн.
- Примери на имплементација на иновативни методи и техники во работата со возрасни лица од ранливите категории

**Модул 4: Мотивирање и активно вклучување на учесниците во обуката, и специфичните аспекти од работата со претставници од ранливите групи (времетраење 90 минути)**

- Разгледување и презентација на алатките и вежбите кои ќе помогнат во зголемувањето на интересот на учесниците и креирањето на позитивна работна атмосфера во групата
- Презентација на разни техники и алатки за активирање на групата, како на пример, игри за интегрирање, вежби за комуникација, тим билдинг активности итн.
- Презентација на техниките и алатките за активно вклучување на учесниците во обуката и за зголемување на работната динамика на групата
- Примери од употребата на алатки и техники за мотивација во работата со возрасни лица од ранливите категории

**Модул 5: Различности и социјално вклучување (времетраење 45 минути)**

- Разговор за различностите и социјалното вклучување
- Практични вежби за тим билдинг, разбирање на разните култури и поттикнување на социјалното вклучување
- Вовед во принципите на тимската работа со различни групи на луѓе

**Модул 6: Заклучок**

- Учесниците ќе ги резимираат главните теми и техники, разговарани за време на обуката.



- Издвојување на најважните заклучоци и препораки за едукаторите кои работат со возрасни лица од ранливите групи.
- Оценка на обуката и забелешки од страна на учесниците.

**Потребни материјали:**

- Екран и проектор
- Лаптоп (компјутер)
- Бела табла или хартија со димензии А2/А3
- Фломастери или макрери во боја
- Печатар

## ПОЗДРАВУВАЊЕ И ВОВЕД

1. **Претставување на тренерот и пречекување на учесниците (10 минути)**

Претставете се користејќи ги следниве инструкции. Може да ги запишете на табла или пак да ги прикажете на екранот заедно со пораката за добредојде.

- Име
- Образование и професионално искуство
- Интереси и области на експертиза
- Ставање ознаки на разни делови од местото на кое се оддржува обуката како на пример ознаки за тоалети, корпи за отпадоци, излези за инти случаи, противпожарни аларми итн.

2.**Агенда**

Испечатете ја или прикажете ја на екран агендата. Објаснете им на учениците дали агендата е флексибилна или не, означете ги паузите и објаснете како истите ќе течат. Прашајте ги учесниците дали имаат прашања.

3.**Вовед во програмата (5 минути)**

Овде е потребно да се направи резиме на сите модули кои ќе бидат предавани во текот на денот. Може да се послужите со агендата со цел да ја објасните обуката како што оди по ред. Вклучете ги работите кои учесниците ќе ги научат во текот на обуката, како и главните цели на програмата. Прашајте ги учесниците дали имаат прашања поврзани со ова. Кога ќе ја



Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

претставувате програмата, бидете свесни за вашата невербална комуникација (изглед, гестикулација, израз на лицето и движења на телото), како и вашата вербална комуникација (интонација, должина на речениците) со цел да ги истакнете вашите очекувања и да ги мотивирате учесниците.Воведот може да го пуштите и во поткастот на курсот.

4.**Правила на групата (10 минути)**

Може да поделите стикери и да ги замолите учесниците да го запишат првото нешто што ќе им падне на памет поврзано со правила на групата.  Потребно е групните правила да бидат напишани во формат “ Ние правиме“, “Ние велиме“, “Ние слушаме“ итн., а не со негации од типот “Ние не...“ со цел да се креира позитивен став и атмосфера во самата група. Дајте им на учесниците време од две минути за да ги соберат стикерите, да ги прочитаат на глас и да ги запишат или залепат на место каде што сите ќе може да ги видат. Разговарајте со самите учесници за нивните предлози и прашајте ги дали сите се согласни со напишаното. Дајте простор за разговор и за додатни (идни) предлози за правила. На крај резимирајте ги правилата и доколку е потребно,навратете се на истите за време на обуката.

5.**“Скршете го ледот“/ Претставување на секој од учесниците (20 минути)**

Ова ќе им дозволи на учесниците да се запознаат меѓу себе и да се чувствуваат удобно и пријатно во групата.

**Неколку примери:**

**Во Круг:** Кажете им на учесниците да седнат во круг, со цел сите да можат меѓусебно да се видат.Замолете го секој од учесниците во групата да се претстави себеси, кружејќи околу останатите членови од групата. Може да ги прашате учесниците што очекуваат да научат од денешната сесија.

**Kahoot:** Може да го креирате или да го побарате на вебсајтот на Kahoot. Kahoot е интерактивен квиз каде учесниците одговараат на прашања преку сопствените телефони.  Може да ги поделите учесниците во парови или групи со цел заеднички да одговорат на прашањата. Прашањата од општо знаење може да бидат доста забавни и со натпреварувачки дух. На крај прогласете ги победниците.



Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI



6.**Утврдување на очекувањата (10 минути)**

Пополнете го работниот лист 1 кој ги вклучува концептите поврзани со иновацијата во образованието на возрасните луѓе. Учесниците може да ги запишат работите кои веќе ги знаат, сопствените идеи, или одредени прашања на кои сакаат да добијат одговор. Прикажете ја на екран агендата. Оставете две минути на крајот од вежбата со цел да им дозволите на учесниците да ги споделат своите мислења, како со вас така и со остатокот од групата. Работните листови може да ви покажат специфични области на фокус за кои учесниците можат и сакаат да откријат повеќе, прашања на кои треба да одговорат и верификација на моменталното знаење во групата. На крај, заблагодарете им се на учесниците.

**Модул 1: Вовед во иновативниот пристап во образованието на возрасните лица од ранливите групи (45 минути)**

Наставните цели вклучуваат:

- Разговор за концептите и принципите на иновативниот пристап на образование кај возрасните;
- Презентација на специфичноста во работата со возрасни лица во тешки ситуации;
- Разговор за предностите и придобивките на иновативниот пристап во образованието на возрасните лица од ранливите категории;
- Откривање на сопствените стилови на учење и употреба на иновативните наставни алатки;
- Градење на креативност и иновативност, како во работата така и во приватниот живот.

1.**PowerPoint презентација (30 минути)**

Презентирајте ги слајдовите со броеви од од 1 до 20. Дајте им на учесниците можност да поставуваат прашања или замолете ги да ги запишат на лист хартија, за истите подоцна да бидат одговорени.

2.**Работен лист 8 (10 минути)**

Воведете ги учесниците во работниот лист.  Во првите 8 минути ова треба да биде индивидуална и тивка активност. Остатокот од времето треба да се искористи за споделување на одговорите и разните мислења од страна на учесниците.

Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

3.**Сумирање (5 минути)**

Резимирајте го секој дел од едукативната цел на обуката. Охрабрете ги учесниците да ги зачуваат работните листови или збелешки како дел од нивното портфолио.

**Модул 2: Креирање на образовни програми за возрасни лица од ранливите групи (45 минути)**

Наставни цели:

- Презентација на процесот на креирање на образовните програми
- Разговор за алатките и техниките користени за креирање на програмите за возрасните лица од ранливите групи
- Примери на образовни програми базирани врз иновативниот пристап

1.**PowerPoint слајдови бр. 21-25 (10 минути)**

Презентирајте ги слајдовите од 21 до 25. Дајте им на учесниците можност да поставaт прашања, или замолете ги да ги запишат за истите подоцна да бидат одговорени.

2.**Работен лист 3 (10 минути)**

Воведете ги учесниците низ овој работен лист. Во првите 5 минути, ова е индивидуална и тивка активност. Остатокот од времето треба да се искористи за споделување на одговорите и разните мислења од страна на учесниците.

3.**Работен лист 2 (20 минути)**

Воведете ги учесниците низ овој работен лист. Во првите 10 минути, ова е индивидуална и тивка активност. Остатокот од времето треба да се искористи за споделување на одговорите и разните мислења од страна на учесниците.

4.**Сумирање (5 минути)**

Резимирајте го секој дел од едукативната цел на обуката. Охрабрете ги учесниците да ги зачуваат работните листови или белешки како дел од нивното портфолио.



**Модул 3: Имплементација на иновативните методи и техники во работата со возрасни лица од ранливите групи (90 минути)**

Наставни цели:

- Разговор за предностите и придобивките од употребата на иновативни методи и техники
- Презентација на одредени методи и техники како на пример неконвенционална настава, учење базирано врз проекти, гејмификација, итн.
- Примери на употреба на иновативните методи и техники во работата со возрасни лица од ранливите групи



1.**Работен лист 4 (10 минути)**

Воведете ги учесниците низ овој работен лист. Во првите 5 минути, ова е индивидуална и тивка активност. Остатокот од времето треба да се искористи за споделување на одговорите и разните мислења од страна на учесниците.

2.**Студии на случај- работа во групи (40 минути)**

Поделете го класот на два дела и креирајте неколку групи. На пример, на едниот дел од групата дајте им да работат на студијата на случај 1, а на другиот дел студијата на случај 2. Учесниците од секој дел дополнително поделете ги во неколку групи од по 3 учесници. Учесниците имаат на располагање 20 минути да ги прочитаат и да одговорат на прашањата кои се наоѓаат во нивните студии на случај. Може да одите наоколу и да поставувате прашања, охрабрувајќи го процесот на оценување и критичното размислување. Во последните 15 минути секоја од групите треба да подготви едно групно резиме за студијата на случај и да ги сподели одговорите со остатокот од учесниците.

3.**Задача за истражување (15 минути)**

Користејќи ги студиите за случај, кажете им на учесниците да ги истражат иновативните алатки спомената во самиот текст. Секој учесник или група треба да користи разни алатки.

Учесниците треба да се водат според слениве аспекти:

- За кој уред е наменета алатката?
- Зошто е иновативна?
- Дали може да се употреби во работата со воразни лица од ранливите групи?

Ко-финансирано од Европска Унија

- Дали е лесна за употреба?
- Какво е вашето целокупно мислење?

4.**Работен лист 5 (15 минути)**

Воведете ги учесниците низ работниот лист. Ова е тивка и индивидуална активост.

5.**Сумирање (10 минути)**

Резимирајте го секој дел од едукативната цел на обуката. Охрабрете ги учесниците да ги зачуваат работните листови или забелешки како дел од нивното портфолио.

**Модул 4: Мотивирање и активно вклучување на учесниците во обуката, и специфичните аспекти од работата со претставници од ранливите групи (45 минути)**

Наставни цели:

- Разговор и презентација на алатките и вежбите кои ќе помогнат во зголемувањето на интересот на учесниците и креирањето на позитивна работна атмосфера во групата;
- Презентација на разни техники и алатки за активирање на групата како игри за вклучување, вежби за комуникација и тимска работа;
- Презентација на разни техники и алатки кои ќе им дозволат на учесниците активно да се вклучат во лекциите и да ја зголемат динамиката на групната работа;
- Примери од употребата на алатките и техниките за мотивација во работата со возрасните лица од ранливите групи.

1.**Поткаст за гејмификација (20 минути)**

Пуштете го поткастот. Потоа, повторно прикажете ги наставните цели и запрашајте ги на кој начин гејмификацијата може да се поврзе со секоја од точките.  Разговарајте за предностите и недостатоците на гејмификацијата и за нејзината интеграција во тимската работа.

2.**Работни листови 6 и 7 (20 минути)**

Поделете им ги двата работни листа на учесниците и воведете ги во процесот на работните листови. За време на првите 10-15



Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

минути ова треба да биде индивидуална и тивка активност. Остатокот од времето треба да се искористи за се споделат одговорите и да им се дозволи на учесниците да ги разгледаат различните мислења и гледишта.

**Повеќе информации кои може да ги споделите со учесниците:**
**Што е мотивација?**
“Мотивацијата претставува стимул или поттик кој го насочува нашето однесување. Кај луѓето делува како на свесно, така и на подсвесно ниво (погледнете го делот за подсвесна мотивација). Мотивите се делат на: (а) физиолошки, примарни, или органски, како на пример гладта, жедта, потребата за спиење итн. и (б) лични, социјални, или секундарни, како што се на пример чувството на припадност, натпреварувачкиот дух, личните интереси и цели.”
Извор: https://dictionary.apa.org/motivation

**Што се подразбира под активно вклучување (ангажирање)?**
“Со терминот активен ангажман се означува сето она што студентите го прават со цел активно да учествуваат во наставата. Ова е спротивно од пасивното слушање на предавањата или следење на личноста која дава инструкции.”
Извор:
https://www.pent.ca.gov/is/is/activeengagement.aspx#:~:text=What%20is%20Active%20Engagement%3F,person%20model%20or%20do%20instruction.

Под групна динамика се подразбира начинот на кој членовите на тимот меѓусебно комуницираат. Овој тип на интеракции се водени од личните карактеристики и однесувања на членовите, односите помеѓу членовите во самиот тим како и работните цели. Со еден збор, овде се опфатени односите помеѓу членовите на групата, начинот на кои се поврзани едни со други, како и начинот на комуникација и соработка.”

Извор: https://www.roffeypark.ac.uk/knowledge-and-learning-resources-hub/understanding-group-dynamics-what-every-leader-should-know/



Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

3.**Сумирање (5 минути)**
Резимирајте го секој главен аспект од едукативната цел. Охрабрете ги учесниците да ги зачуваат сопствените картички или белешки како дел од нивното портфолио.

**Модул 5: Различности и социјална вклученост (45 минути)**
Наставни цели:

- Разговор за различностите и социјалната вклученост
- Практични вежби за тим билдинг, разбирање на другите култури и социјална вклученост
- Вовед во принципите на тимската работа со разни категории на луѓе

1.**Инфографика (10 минути)**
Презентирајте им ја на учесниците инфографиката. Прочитајте ги на глас дефинициите. Откако сите учесници го разбрале значењето на клучните зборови, престанете со презентацијата. Прашајте ги учесниците кои се основните разлики помеѓу термините и што е она што го запомниле од презентацијата.

2.**Работен лист 10 (20 минути)**
Воведете ги учесниците во овој работен лист. За оваа активност потребно е да ги поделите учесниците во парови. За време на првите 15 минути, учесниците треба да го пополнат работниот лист, запишувајќи го првото нешто кое ќе им дојде на ум. Останатите 5 минути се предвидени за водење на групен разговор за можните примери од практичните вежби за тим билдинг, разбирањето на другите култури и социјалната вклученост.

3.**Работен лист 9 (10 минути)**
Воведете ги учесниците низ овој работен лист. Во првите 5 минути секој учесник го пополнува индивидуално и за себе. Остатокот од времето треба да се искористи за споделување на одговорите и разните мислења од страна на учесниците.

4.**Сумирање (5 минути)**
Резимирајте го секој главен аспект од едукативната цел. Охрабрете ги учесниците да ги зачуваат сопствените картички или белешки како дел од нивното портфолио.



Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

**Модул 6: Заклучок (45 минути)**

Наставни цели:

- Резиме од страна на учесниците за главните теми и техники разгледани за време на обуката.
- Издвојување на најважните заклучоци и препораки за едукаторите кои работат со возрасни лица од ранливите групи.
- Оценка на обуката и коментари од страна на учесниците.

1.**Резиме на поткастот (15 минути)**

Пуштете го поткастот. Потоа преминете на следната активност.

2.**Финална умствена мапа (20 минути)**

1. На една бела табла или хартија со димензии A3/A2 на средината напишете „иновативни пристапи во образованието и развојот на работата со возрасни лица од ранливите категории"
2. Поделете им на учесниците маркери или пенкала и кажете им на секој од нив да запише две нови нешта кои ги научиле поврзани со следниве цели:
   - Резиме на учесниците за главните теми и техники разговарани за време на обуката.
   - Најважните заклучоци и препораки за едукаторите кои работат со возрасни лица од ранливите категории.
3. Секој учесник треба да запише различна реченица/збор/цртеж. Не е возможно повторување на веќе споменатите нешта. Учесниците може да подвлечат линија или пак да ја надоврзат сопствената идеја врз мислењето на некој друг учесник.

3.**Брза оценка (валутација) (5 минути)**

Поделете по еден лист хартија на секој од учесниците и замолете ги да ви дадат фидбек за обуката. Кажете им дека коментарите ќе бидат во анонимна форма. Овие коментари ќе ви бидат од корист вам како едукатор, по завршувањето на обуката.

4.**Затворање на обуката (5 минути)**

Заблагодарете им се на учесниците за нивното учество.



Во овој момент, најважно е едукаторот да ја сумира спроведената работилница. Клучните точки што се дискутираат треба да се истакнат како врска со целата содржина дискутирана за време на обуката.

**Во овој момент има време и за:**

- Прашања од групата
- Заклучоци
- Прашалник за евалуација
- Дипломи за учесниците



# АНКЕТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

014

**Почитуван учесник**

Се надеваме дека денешните часови ви беа интересни и имавте шанса да научите многу интересни работи. Ние сакаме да добиеме повратни информации од вас, па ќе ви бидеме многу благодарни ако одвоите време да ја пополните следната анкета. **Анкетата е анонимна.**

1. Дали часовите одговорија на вашите прашања на тема „Иновативни пристапи за образование и развој на работа со обесправени возрасни лица" кои се појавија во вашиот професионален живот?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

2. Дали часовите ви дадоа корисни совети, нови пристапи, концепти и принципи за кои претходно не сте биле свесни / не сте ги земале предвид кога работите со обесправени возрасни лица?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

3. Дали часовите ви дадоа корисни совети кои можат да бидат корисни за надминување на бариерите во образованието кога работите со обесправени возрасни лица?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

4. Дали чувствувате дека способноста да ги откриете стиловите на учење на поединецот ќе ви биде од помош во вашиот професионален живот?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

5. Дали сметате дека сте ги разбрале различните методи за оценување на преференциите за учење?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

## EVALUATION SURVEY



6. Дали стекнавте нови знаења во однос на градењето креативност и иновации на работа?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

7. Дали ќе користите иновативни алатки за учење што се дискутирани во програмата?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

8. Колку самоуверено се чувствувате користејќи го процесот на дизајнирање образовни програми за кои се дискутираше за да креирате своја сопствена програма?

Самоуверен / Доста сигурен / Содржина / Доста несигурен / Неизвесен

9. Колку се чувствувате сигурни во вашата способност да користите различни техники и алатки за групно активирање, како што се игри за интеграција, вежби за комуникација, тимски вежби или гејмификација?

Самоуверен / Доста сигурен / Содржина / Доста несигурен / Неизвесен

10. Дали ги разбирате разликите помеѓу различноста, вклученоста, правичноста и припадноста?

Дефинитивно да / Наместо да / Ниту да, ниту не / Наместо не / дефинитивно не

11. Кој дел од часовите најмногу ви се допадна и зошто?

...............................................................................................................................................

...............................................................................................................................................

Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI EST 2000

## EVALUATION SURVEY



12. Кој дел од часовите би можел да користи подобрување и како?

.....................................................................................................................................................

.....................................................................................................................................................

13. Дали има некои теми за кои сè уште чувствувате дека ви треба појаснување / повеќе пракса / истражување?

ДА / НЕ / НЕСИГУРНО

13. Ако ДА, ве молиме наведете теми кои би биле од интерес за вас.

.....................................................................................................................................................

.....................................................................................................................................................

13. Дали би сакале да учествувате во други тематски активности?

ДА / НЕ / НЕСИГУРНО

14. Ако ДА, ве молиме наведете теми кои би биле од интерес за вас.

.....................................................................................................................................................

.....................................................................................................................................................

15. Сите дополнителни коментари за сесијата што ја опфати нашата програма:

.....................................................................................................................................................

**Ви благодариме што ја пополнивте анкетата. Вашите повратни информации се ценети.**

Ко-финансирано од Европска Унија
DIALOG of Transformation
FERI
IMPULSI

# ДИПЛОМА ЗА УЧЕСНИКОТ

017



EDUKATOR
THE EDUCATOR PROJECT A PILLAR OF SOCIAL INCLUSION IN ADULT EDUCATION

**Сертификат**

**за**

.................................................................................................

за учество на работилницата со наслов
„Иновативни пристапи во образованието и работа со возрасни лица од ранливите категории“
организиран на ..........................................

Ко-финансирано од Европска Унија | DIALOG of Transformation | FERI | IMPULSI

Проект „Едукаторот како столб на социјалната вклученост во образованието на возрасни“ кофинансиран од Европската Унија. Европската комисија не е одговорна за произведената содржина. Програма Еразмус+, Акција 2: Партнерства за соработка во секторот за образование на возрасни.

Ко-финансирано од Европска Унија